МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 55 став 2 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕТО И МОНИТОРИНГОТ НА БИОЛОШКАТА РАЗНОВИДНОСТ ВО СТОЧАРСТВОТО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на изведувањето и мониторингот на биолошката разновидност во сточарството.

## Член 2

Генетските резерви на анималните генетски ресурси кај домашните животни кои се значајни за земјоделството треба да бидат под мониторинг и константно контролирани од страна на вршителот на јавната услуга.

## Член 3

Мониторингот на биолошката разновидност во сточарството се изведува на ниво на вид и/или на ниво на популација при што се добива информација за:

- актуелната состојба на видот и/или популацијата;

- резултатите од начинот на одгледување на домашните животни и

- природната дистрибуција на видот и/или на популацијата.

**Член 4**

Мониторингот на биолошката разновидност во сточарството се изведува на генетско ниво при што се добива информација за:

- генетскиот диверзитет во популацијата и/или видот;

- генетскиот диверзитет меѓу популациите и

- ефектите од начинот на одгледување на домашните животни врз диверзитетот на видот и/или популацијата.

**Член 5**

Правилен и константен мониторинг на биолошка разновидност кај домашните животни се спроведува преку водење и чување на регистар на автохтони раси и/или линии на домашни животни со зоотехничка оцена, согласно член 8 од Правилникот за начинот на одгледување и прометот на автохтони раси и/или линии, формата и содржината на барањето за признавање на нови автохтони раси и/или линии и формата, содржината и начинот на водење на регистарот.

**Член 6**

Со цел да се обезбеди мониторинг на биолошката разновидност на анималните генетски ресурси кај домашните животни во Република Македонија се воспоставува унифициран информационен систем, кој е научно споредлив и прилагоден на потребите на Република Македонија.

**Член 7**

База на податоци за поедини раси и видови се воспоставува за да служи како извор на податоци за мониторинг на биолошката разновидност.

Информациониот систем и базата на податоци ги управува вршителот на јавната услуга.

**Член 8**

Вршителот на јавната услуга соработува со меѓународни бази на податоци преку кои ќе обезбеди проширување на мониторингот на биолошката разновидност, точност и редовно дополнување на македонската база на податоци и македонскиот Регистар.

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-10317/1 | Министер за земјоделство, |
| 12 ноември 2010 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | |